РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КОЧАНИ
бр. 05-2284/2
14.12.2020 год.
КОЧАНИ

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 08-6339/1
14-12-2020
Скопје

# Договор

Склучен помеѓу:

1. **Општина Кочани,** со седиште во Кочани, ул."Раде Кратовче" бр.1, застапувана од Градоначалникот на општина Кочани, Г-дин Николчо Илијев во својство на одговорно лице на Договорниот орган (во понатамошниот текст: **Корисник на услугата**) **и**

2. **Друштво за комуникациски услуги А1 МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1 Скопје - Центар, ЕДБ: 4080015554205, ЕМБС:7068310, жиро с-ка 210070683100212- НЛБ Банка АД Скопје, овластено лице Стевчо Ристески-Директор за продажба и маркетинг за деловни корисници, (во понатамошниот текст: **Давател на услугата).**

**Предмет на договорот**

**Член 1**

Предмет на овој договор е уредувањето на правата и обврските помеѓу корисникот на услугата и давателот на услугата за

**Фиксна телефонија**
**(Набавка на телекомуникациски услуги – фиксна телефонија, интернет и WEB hosting**
**за потребите на општинската администрација и ТППЕ, основните и средните училишта, матичната библиотека и детската градинка на подрачје на општина Кочани)**

а кои произлегуваат од склучувањето на овој договор за потребите на корисникот на услугата (сите субјекти-корисници), за период од 2 (две) години, а во согласност со Договор за извршување на групна набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год. склучен помеѓу субјектите наведени во предметот на набавката и Општина Кочани, кои се јавуваат како корисници на телекомуникациската услуга – фиксна телефонија, интернет и WEB hosting.

Договорот се склучува врз основа на Одлуката за избор на најповолна понуда број од 25.11.2020 год. донесена од одговорното лице на корисникот на услугата, согласно предлогот од Комисијата за јавни набавки содржан во Извештај од спроведената постапка.

**Член 2**

Со склучувањето на овој договор, давателот на услугата му овозможува на корисникот на услугата /сите субјекти корисници/ пристап на јавната телекомуникациска мрежа и користење на јавните фиксни комуникациски услуги и интернет дефинирани од корисникот на услугата во техничката спецификација, а согласно понудата од давателот на услугата со намалени единечни цени согласно извештај од е-аукција.

Со овој договор се регулираат меѓусебните права и обврски помеѓу договорните страни во согласност со: Законот за електронските комуникации и правилниците, прописите и стандардите донесени во согласност со истиот.

Услугите кои се предмет на овој Договор како и цените за истите се дефинирани во одредбите на овој договор и се негов составен дел.

**Права и обврски на давателот на услугата**

**Член 3**

Давателот на услугата **се обврзува** во согласност со применливите прописи од оваа област да:

- му обезбеди на корисникот на услугата /сите субјекти корисници/ добра и квалитетна услуга;
- обезбеди редовна и непрекината јавна фиксна комуникациска услуга и интернет;
- воведе ефикасни постапки и вложи максимални напори за да ја гарантира неповредливоста и доверливоста на комуникациите на корисникот на услугата/сите субјекти корисници/, за зачувување на деловните тајни и личните податоци кои се однесуваат на корисникот на услугата/сите субјекти корисници/согласно важечките прописи;
- го поддржува корисникот на услугата /сите субјекти корисници/ со совети и консултации околу изборот на видот на услуги и користење на одредени услуги;
- да постапи по пријава на дефект на претплатничка линија;
- да постапи по приговор за висина на сметка;
- доколку изврши измена на ценовникот согласно својата деловна политика /во поповолни цени утврдени во овој Договор/ да го извести корисникот на услугата;
- издава упатства и дава информации на претплатникот за користење на услугите, како и за обврските од претплатничкиот однос;
- е должен да го изврши пренесувањето на телефонските броеви согласно со начинот и постапката од важечкиот правилник за преносливост на броеви, без прекин на фиксните комуникациски услуги и интернет;
- на барањата на корисникот на услугата за вклучување или исклучување на дополнителни услуги, да постапи најдоцна 1 /еден/ ден по поднесувањето на барањето;
- да обезбеди локална кадровска подршка на инсталираната опрема и бесплатно одржување на интернет поврзување и телефонските услуги (секој работен ден) за целото времетраење на договорот;
- да обезбеди бесплатно префрлување (доколку е потребно) на друга локална географска локација на линиите и приклучоците кои се набавуваат со овој договор.

Давателот на услугата **има право** во согласност со применливите прописи од оваа област:

- ако во роковите утврдени во овој договор, корисникот на услугата не го уплати доспеаниот долг кон давателот на услугата /секој деловен субјект – корисник на групната набавка и вршител на групната набавка, согласно договорот за извршување на групната набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год./ времено да го забрани пристапот до услугите и во овој случај корисникот на

услугата/секој деловен субјект посебно/ е обврзан при повторно вклучување да ги плати трошоците за повторно активирање;

- да доставува редовно месечна фактура до секој деловен субјект, / корисник на групната набавка и вршителот на групната набавка, согласно договорот за извршување на групната набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год../ корисник на телекомуникациски услуги, посебно, со пресметан износ на ДДВ чиј процент за овој вид на услуги е утврден со закон;
- да засмета законска казнена камата од денот кога корисникот на услугата /секој деловен субјект посебно/западнал во задоцнување со плаќањето на месечната фактура;
- во случај на повреда на одредбите од овој Договор, за тоа да го извести корисникот на услугата/секој деловен субјект посебно/ и да му определи разумен рок за исполнување на обврските предвидени со овој договор

**Права и обврски на корисникот на услугата**

**Член 4**

Со засновање на претплатнички однос, корисникот на услугата (сите субјекти корисници) **има право** во согласност со применливите прописи од оваа област на:

- **Фиксна телефонија со вклучени задолжителни минимални карактеристики:**

Зголемување/намалување на бројот на претплатничките линии од најмногу 20 % од вкупниот број на линии (најмалку 30 /триесет/ линии). За потребата за обезбедување на повеќе од овој број на линии, корисникот на услугата потребно е да добие претходна согласност од Давателот на услугата.

Во месечната претплата по линија, од листата на цени утврдена во чл.5 на овој Договор вклучени **задолжителни минимални карактеристики** се:

1. Бесплатни минути кон сите фиксни оператори (локални/национални разговори) - минимум 500 минути;
2. Услугата да биде достапна 24 часа на ден, 7 дена во неделата, кон сите фиксни и мобилни оператори,
3. Обезбеден пристап до зелените и сините броеви (0800 и 0890);
4. Обезбеден пристап до сите скратени броеви;
5. Цените ( предмет на е-аукција ) да важат во текот на целиот ден и да нема скапа и евтина тарифа;
6. Идентификација на повик (CLIP) за сите видови на линии;
7. Пренасочување на повик;
8. Повик на чекање со задржување на врската за сите видови на линии ( фиксни и мобилни);
9. Конференциска врска за **3/три/** учесници за сите видови на линии ( фиксни и мобилни ).
10. Дополнителна услуга „пренасочување на повик" ;
11. Можност за директно бирање на локали на дигитални линии (DDI);
12. Бесплатни повици кон службата за грижа на корисници;
13. Тарифирање - по секунда, после почетен интервал од една минута. 60/1;

14. Загарантиран попуст од 30% на цената на меѓународните разговори /фиксни/мобилни/ во однос на комерцијалните цени што важат за деловни корисници во месецот за кој се фактурира (за сите зони)...;
15. Цените на сите останати услуги кои не се содржани во **задолжителни минимални карактеристики** на финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните комерцијални цени што важат за деловни корисници во месецот за кој се фактурира.
16. Целосно покривање на трошоци за преносливост на броеви при евентуална промена на операторот, односно претплатничките броеви да бидат пренесени заедно со префиксот (НДК бројот – Националниот Дестинациски Код) во телефонскиот оператор кој ќе биде избран како најповолен;
17. Преглед на реализирани телефонски повици во месечниот фактуриран износ (детална сметка) /спецификација, како составен дел на фактурата ;
18. Локална кадровска подршка за одржување на телефонските услуги.

- **Интернет**

Зголемување/намалување на бројот на претплатничките линии од најмногу 20 % од вкупниот број на линии (најмалку 27 /дваесет и седум/ интернет линии). За потребата за обезбедување на повеќе од овој број на линии, Корисникот на услугата потребно е да добие претходна согласност од Давателот на услугата.

Интернет линија со следните задолжителни минимални карактеристики согласно т.2.1.од техничката спецификација: **ТИП 1**

- Брзина на интернет пристап – асиметричен (D/U) – до 200 Mbps/200 Mbps (90/90, 150/150 и 200/200);
- Неограничен сообраќај со политика на фер користење (не помалку од 3 000 Gb-месечно). Доколку квотата на сообраќај е надмината, брзината на пристап да се ограничи на не помалку од 2 Mbps/2 Mbps ;
- Терминална опрема за реализација на услугата ;
- Услугата да биде достапна 24/7 .

Количина: **4 линии** (ООУ „Крсте П. Мисирков" – 1 линија, ООУ „Св. Кирил и Методиј- 1 линија, СОУ „Љупчо Сантов" - 1 линија, СОУ „Гошо Викентиев" – 1 линија)

Интернет линија со следните задолжителни минимални карактеристики согласно т.2.2.од техничката спецификација: **ТИП 2**

- Брзина на интернет пристап (D/U) – минимум 100 Mbps/100 Mbps ;
- Неограничен сообраќај со политика на фер користење (не помалку од 2 000 Gb-месечно). Доколку квотата на сообраќај е надмината, брзината на пристап да се ограничи на не помалку од 2 Mbps/2 Mbps ;
- Терминална опрема за реализација на услугата ;
- Услугата да биде достапна 24/7 .

Количина: **6 линии** (Општина Кочани – 1 линија, ООУ „Никола Карев" – 1 линија, СОУ „Љупчо Сантов" - 2 линии, Библиотека „ Искра "- 1 линија, СОУ „Гошо Викентиев" – 1 линија)

Интернет линија со следните минимални карактеристики согласно т.2.3.од техничката спецификација: **ТИП 3**

- Брзина на интернет пристап (D/U) – минимум 20 Mbps/1 Mbps

- Неограничен сообраќај со политика на фер користење (не помалку од 1000 Gb-месечно). Доколку квотата на сообраќај е надмината, брзината на пристап да се ограничи на не помалку од 768 kbps/768 kbps)
- Терминална опрема за реализација на услугата ;
- Услугата да биде достапна 24/7

Количина: **9 линии** (ООУ „Малина Попиванова" – 1 линија, ЈОУДГ „Павлина Велјанова" – 5 линии, ООУ „Раде Кратовче" – 2 линии, ООУ „Крсте П. Мисирков" – 1 линија)

Интернет линија со следните минимални карактеристики согласно т.2.4.од техничката спецификација: **ТИП 4**

- Брзина на интернет пристап (D/U) – минимум 10 Mbps/1 Mbps
- Неограничен сообраќај со политика на фер користење (не помалку од 100 Gb-месечно). Доколку квотата на сообраќај е надмината, брзината на пристап да се ограничи на не помалку од 768 kbps/768 kbps)
- Терминална опрема за реализација на услугата ;
- Услугата да биде достапна 24/7

Количина: **6 линии** (ТППЕ – 1 линија, Општина Кочани – 4 линии, ОУ „Кирил и Методиј" – 1 линија)

Интернет линија со статична IPv4 адреса со следните минимални карактеристики согласно т.2.5.од техничката спецификација: **ТИП 5**

- Брзина на интернет пристап (D/U) – минимум 10 Mbps/1 Mbps
- Неограничен сообраќај со политика на фер користење (не помалку од 100 Gb-месечно). Доколку квотата на сообраќај е надмината, брзината на пристап да се ограничи на не помалку од 768 kbps/768 kbps)
- Терминална опрема за реализација на услугата која ќе подржува работа со IPv4 и IPv6;
- Услугата да биде достапна 24/7

Количина: **1 линија** (Општина Кочани)

Интернет линија со следните минимални карактеристики согласно т.2.6.од техничката спецификација: **ТИП 6**

- Брзина на интернет пристап (D/U) – минимум 10 Mbps/10 Mbps
- Неограничен сообраќај со политика на фер користење (не помалку од 500 Gb-месечно). Доколку квотата на сообраќај е надмината, брзината на пристап да се ограничи на не помалку од 768 kbps/768 kbps)
- Терминална опрема за реализација на услугата која ќе подржува работа со IPv4 и IPv6;
- Услугата да биде достапна 24/7

Количина: **1 линија** (Општина Кочани – ТИЦ Пониква)

- **WEB hosting (Linux)** со минимални карактеристики согласно т.3 од техничката спецификација:
- Хостинг простор од минимум 20 GB
- Најмалку 150 Email адреси со минимум 2 GB простор
- PHP 5.3.3

- FTP пристап
- Неограничен број на FTP update-и
- Webmail интерфејс
- SMTP/POP3/IMAP пристап
- Email администрација
- 24 часови мониторирање на сервер
- 24 часовна техничка поддршка на бесплатен тел. Број
- Месечен сообраќај (GB) од минимум 50 GB
- MS Access бази
- MySQL 5.1(GB) – минимум 1
- Статистика на посетеност
- Mailing листа
- Една редирекција
- Минимум 2 поддомени
- Задолжително префрлување на моменталните e-mail-ови.

Количина: **1 (Општина Кочани** – www.kocani.gov.mk)

- на промена на конфигурација како за зголемување, така и за намалување на бројот на претплатнички линии;

- да избере начин за користење на фиксните комуникациски услуги и интернет, согласно усвоената понуда, составен дел на овој Договор;

- на приговор против одлуките или активностите на давателот на услугата во врска со пристапот до или обезбедување на услугите.

Корисникот на услугата (сите субјекти корисници) **има обврска** во согласност со прописи од оваа област да:

- во рокот договорен за плаќање да ја плати издадената фактура на месечно ниво за користење на услугите, утврдени со техничката спецификација и понудата, како и ДДВ утврден со закон;
- непримањето на сметката, не го ослободува корисникот на услугата /сите субјекти корисници/ од обврската да го плати долгуваниот износ на време. Во случај на недобивање на месечната сметка да се информира во специјализираните служби за грижа за корисниците на давателот на услугата и да побара изготвување на истата;
- да ги користи телекомуникациските услуги исклучиво за свои сопствени потреби и согласно нивната намена, да не вознемирува други корисници и да не ги користи за цели спротивни на законот, како и на условите содржани во овој договор;
- да не ги користи комуникациските капацитети, предмет на овој договор, за обезбедување јавни комуникациски услуги на трети лица, спротивно на условите содржани во законот и други правила и прописи и писмен договор со давателот на услугата;
- да го извести давателот на услугата за секоја промена на податоците потребни за склучување на овој договор. За штетите настанати со непочитување на оваа обврска, давателот на услугата не презема никаква одговорност;

- измената на адресата односно седиштето или друг битен елемент со кој се одредува идентификацијата на корисникот на услугата како субјект во правниот промет треба задолжително да биде пријавена кај давателот на услугата во рок од 15 /петнаесет/ дена од настанувањето на измената ;
- да се воздржува од било какви дејствија кои би ја довеле во опасност или би и нанеле штета на мрежата на давателот на услугата;
- ги почитува упатствата на давателот на услугата во поглед на користењето на услугите.

**Цени и услови, рок и начин на плаќање**

**Член 5**

Вкупната вредност на услугите по овој договор не може да ја надмине висината на проценетата вредност на договорот утврдена во Одлуката за јавна набавка од 29.10.2020 год. која изнесува 1.200.000,00 денари без вклучен ДДВ, односно вкупно планираните средства за реализација на договорот се во висина од 1.416.000,00 ден. со вклучен ДДВ, за времетраење на важноста на овој договор, збирно за 2 (две) години.

Средствата за реализација на договорот за конкретната јавна набавка ќе се обезбедат од приходите на наменската дотација за средните и основните општински училишта, матичната библиотека и детската градинка, а за општинската администрација и ТППЕ од Буџетот на Општина Кочани, сé до времетраењето на важноста на Договорот за јавната набавка, и тоа за 2020 год. и за 2021 год. кај сите субјекти корисници.

Плаќањето ќе биде на месечно ниво, во рок од 30 /триесет/ дена, сметано од денот на доставување на фактура од давателот на услугата до сите деловни субјекти/корисници посебно, односно фактурирањето ќе се врши до секој деловен субјект – корисник на групната набавка и до вршителот на групната набавка, согласно Договорот за извршување на групната набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год. со придружен документ – детален извештај за искористени услуги (и во хартиена и во електронска форма) како составен дел на фактурата.

Фактурирањето ќе се врши според единечните цени намалени соодветно пропорционално за 28,8416% во однос на првичната понуда, согласно извештај од е-аукција, како и согласно техничката спецификација.

ДДВ при изготвувањето на фактурата ќе биде изразен посебно.

Општина Кочани-корисникот на услугата, нема обврска да ги подмирува заостанатите долгови направени кон давателот на услугата, од страна на било кој субјект корисник, секоја договорна страна во Договорот за извршување на групната набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год.

Општина Кочани – корисникот на услугата нема обврска да ги исплаќа каматите за ненавремено плаќање од страна на договорните страни, туку истите се на товар на секоја договорна страна во Договорот за извршување на групната набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год.

Детален приказ на цените по опис на услугите, утврдени во спецификацијата на Корисникот на услугата, а во согласност со прифатената понуда на давателот на услугата-намалени согласно извештајот од е-аукција, со сите трошоци и попусти е даден во следнава листа на цени:

| | Опис на услугите | Единечна цена без ДДВ | ДДВ/износ |
|---|---|---|---|
| **1. Фиксна телефонија** | | | |
| 1.1 | Месечна претплата без ДДВ за една линија | 355,79 | 64,04 |
| 1.2* | Цена за минута без ДДВ кон сите мобилни оператори (единствена) | 4,63 | 0,83 |
| 1.3* | Цена за минута без ДДВ кон сите фиксни локални телефонски броеви (единствена) | 0,00 | 0,00 |
| 1.4* | Цена за минута без ДДВ кон сите фиксни национални телефонски броеви (единствена) | 0,00 | 0,00 |
| **2. Интернет** | | | |
| 2.1 | Месечна претплата за ТИП 1 за една линија | 2.134,75 | 384,26 |
| 2.2 | Месечна претплата за ТИП 2 за една линија | 1.778,96 | 320,21 |
| 2.3 | Месечна претплата за ТИП 3 за една линија | 853,90 | 153,70 |
| 2.4 | Месечна претплата за ТИП 4 за една линија | 361,48 | 65,07 |
| 2.5 | Месечна претплата за ТИП 5 за една линија | 0,00 | 0,00 |
| 2.6 | Месечна претплата за ТИП 6 за една линија | 569,27 | 102,47 |
| **3. WEB hosting** | | | |
| 3.1 | Месечна претплата без ДДВ | 1.067,38 | 192,13 |

* по истекот на бесплатните минути вклучени во месечната претплата (локални/национални разговори)

**Начин и рок на испорака /извршување на услугата**

**Член 6**

Согласно чл. 2 од Договорот за извршување на групна набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год., Договорот за јавната набавка со давателот на услугата во име и за сметка на сите корисници на услугата ќе го потпише одговорното лице на Договорниот орган.

Давателот на услугата е должен да обезбеди терминална опрема на користење за функционирање на интернетот, на користење за секој субјект-корисник (договорна страна во Договорот за извршување на групна набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год. ) согласно техничката спецификација, во рок од 3/три/ дена од стапување на сила на Договорот, а за целото времетраењето на важноста на овој Договор.

Испораката/инсталацијата на терминалната опрема кај секој субјект – корисник, ќе биде потврдена со Записник – потпишан од задолжените/овластени лица на двете

договорни страни /од давателот на услугата и од корисникот на услугата/субјектот-корисник/.

Тоа ќе биде истовремено и потврда за квалитетот на извршената инсталација на терминалната опрема.

Давателот на услугата ќе обезбеди Упатство за работа со опремата.

Корисникот на услугата/сите субјекти корисници/ за таа цел ќе обезбедат просторни предуслови за испорака/инсталација на терминалната опрема - предмет на договорот за јавната набавка.

**Договорна казна**

**Член 7**

Договорните страни се согласни дека во случај кога давателот на услугата нема да ги испорача услугите во роковите утврдени во овој Договор, па заради тоа падне во задоцнување, истиот е должен да му плати на корисникот на услугата договорна казна во висина од 0,5% од вкупната вредност за реализација на овој Договор утврдена во чл.5 ст.1, за секој ден на доцнењето, но не повеќе од 5 % на истата.

Давателот на набавката се ослободува од договрната казна доколку до доцнење во испораката на услугите не дошло по вина на Давателот на услугата, во случај на Виша сила или доколку постојат околкости кои би го одложиле навременото и квалитетно извршување на Договорот, а овие околкости биле познати за Корисникот и за истите не го известил Давателот на услугата.

**Телефонски именик**

**Член 8**

Договорните страни се согласни договорниот орган дополнително да достави податоци што ќе бидат внесени во Телефонскиот именик и Службата за информации за броеви од Телефонскиот именик кај Давателот на универзална услуга да може да дава податоци на заинтересирани страни.

**Забрана за комерцијална употреба**

**Член 9**

Овој Договор ќе се применува единствено за Корисникот на услугата/сите субјекти корисници во Договорот за извршување на групната набавка бр.05-2283/1 од 28.10.2020 год. Давателот на услугата ги обезбедува услугите само на корисникот на услугата, за негова сопствена употреба.

Се забранува секоја комерцијална употреба или препродажба на гореспоменатото, нудење на услугите од давателот на услугата на трети страни, индивидуи или правни лица,

**Забрана за пренесување**

**Член 10**

Корисникот на услугата нема право да ги пренесува условите надвор од постојниот Договор, или било кои од неговите права или обврски опфатени овде или коишто произлегуваат од овде, на која било трета страна, без претходна писмена согласност од страна на Давателот на услугата, освен податоците кои корисникот на услугата мора да ги објави согласно со позитивните прописи кои ги регулираат јавните набавки.

**Промени на Договорот**

**Член 11**

Давателот на услугата има обврска за известување на корисникот на услугата за планираните измени за условите од овој Договор, во рок не пократок од 30 /триесет/дена пред воведување на измените.

Се смета дека корисникот на услугата се согласил со промената на условите на Договорот доколку во периодот на известувањето, писмено не го извести давателот на услугата дека ја раскинува истата.

Раскинувањето на договорот не го ослободува корисникот на услугата од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски, пристигнати пред извршените измени во условите на оваа спогодба.

**Времетраење на договорот**

**Член 12**

Времетраењето на важноста на Договорот за телекомуникациските услуги ќе биде 2 /две/ години, а истиот стапува на сила на 14.12.2020 год.

**Раскинување на Договорот**

**Член 13**

Корисникот на услугата може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на давателот на услугата, најмалку 30 /триесет/ дена пред датумот на раскинување на истата, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон давателот на услугата, за извршени услуги согласно оваа спогодба.

Давателот на услугата може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на корисникот на услугата предвидени со оваа рамковна спогодба и тоа:

- Доколку јавната телекомуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од овој Договор;
- Доколку корисникот на услугата ја користи претплатничката услуга за обезбедување на комуникациската услуга на трети лица за надомест, спротивно на условите содржани во законот или други закони или прописи, констатирани од страна на надлежен орган, и без писмен договор со давателот на услугата;
- Со судска одлука за бришење од трговски регистар;
- Во случај на стечај, реорганизација, ликвидација или неликвидност на договорниот орган;
- Доколку давателот на услугата не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од шест месеци.

**Виша сила**

**Член 14**

Користењето на услугите кои ги обезбедува давателот на услугата може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира настан независен од волјата на договорните страни, чие настапување не можело да се спречи или предвиди и поради кои исполнувањето на обврските од спогодбата станало отежнато или неможно, вклучувајќи, но не ограничувајќи се на: природни настани, општествени настани (штрајк, немири, вој на) акти на јавната власт, нарушување на функционирањето на телекомуникацискиот систем и сл.

Давателот на услугата не сноси никаква одговорност кон корисникот на услугата поради прекин на услугите, предизвикан од настан на Виша сила.

**Завршни одредби**

**Член 15**

Сите дополнителни претплатнички линии на корисникот на услугата кои ќе бидат акивирани по стапувањето на сила на овој Договор, а во рамките на неговото времетраење, имаат важност до истекот на истиот.

**Член 16**

Овој Договор се смета за реализиран, по истекот на неговото времетраење или по искористување на планираните средства за реализација утврдени во чл. 5 во овој Договор.

**Член 17**

Во случај на спор по овој Договор, надлежен ќе биде стварно и месно надлежен суд.

**Член 18**

За се што не е предвидено со овој Договор, ќе се применат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за електронските комуникации и Законот за јавните набавки.

**Член 19**

Овој Договор е составен во 6 (шест) еднакви примероци од кои 4 (четири) примерока за корисникот на услугата и 2 /два/ примерока за давателот на услугата.

**за Давателот на услугата**
**Друштво за комуникациски услуги**
**„А1 МАКЕДОНИЈА“ ДООЕЛ Скопје**
**Директор за продажба и маркетинг**
**за деловни корисници**

**( Стевчо Ристески )**

А1
Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
31

**за Корисникот на услугата**

**Општина Кочани**

**Градоначалник,**

**( Николчо Илијев )**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА КОЧАНИ

*Изработил: Соработник за поддршка и прибирање на документација за водење на постапки за јавни набавки-Татјана Крстова*
*Контролирал: Раководител на Одделение за ИКТ и ГИС – Зоран Христов*